**Образец на конкурс**

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

Машински факултет - Скопје

Врз основа на потпишаниот Меморандум за соработка помеѓу АД ЕСМ и Машински факултет-Скопје, се распишува

**КОНКУРС**

**за доделување 5 стипендии**

**за студентите на Машински факултет-Скопје**

На конкурсот можат да се пријават студенти кои студираат на Машински факултет – Скопје.

Право на учество имаат сите студенти кои ги исполнуваат следните критериуми:

- студентот да е редовен студент запишан на прв циклус студии по прв пат во прв или трет семестар во студиска година во учебната 2024/2025 година;
- просечната оценка на студентот (до датумот на аплицирање) да не е помала од 8.0;
- студентот да не е корисник на стипендија или кредит од друга установа, институција или компанија;
- студентот да е државјанин на Република Северна Македонија;

Изборот и селекцијата на кандидатите го врши Комисија за стипендирање составена од 4 (четири) члена и тоа: 3 (три) претставници од АД ЕСМ-Скопје и 1 (еден) претставник од Машински факултет-Скопје.

Селекцијата на заинтересираните кандидати за остварување право на стипендија ќе биде направена врз основа на остварениот просечен успех на студентот до датумот на аплицирање, освоените поени при упис на факултет и резултатите од реализираното интервју, кое ќе го врши комисијата составена од два претставници од АД ЕСМ-Скопје и еден претставник од Машински факултет – Скопје согласно следната методологија:

- освоени поени од остварениот просечен успех на студентот до датумот на аплицирање, најмногу 70 поени.
- освоените поени при упис на факултетот, најмногу 25 поени.
- резултати од реализираното интервју, најмногу 5 поени.

Висината на стипендијата изнесува 8.000,00 денари месечно и ќе се доделува за времетраење од 10 (десет) месеци годишно, со можност за продолжување или за прекин, во зависност од

исполнувањето на обврските од страна на студентите пропишани со Договорот за стипендирање.

Со избраниот кандидат ќе се потпише Договор за стипендирање.

Кандидатите на кои ќе им биде доделена стипендија имаат обврска студиската година да ја завршат во редовен рок и со просек не помал од 8, во спротивно, стипендистот го губи правото на стипендија и се обврзува да го врати примениот износ на компанијата со која го склучил Договорот за стипендирање и други обврски пропишани во Договорот за стипендирање.

**Дополнително објаснување**: Потенцијалните стипендисти немаат обврски кон компанијата од каде што ќе ја земат стипендијата, во смисла на тоа да се задолжени да работат во таа компанија (ниту во текот на студирањето ниту по завршување на студиите), ниту пак се задолжени да извршуваат практична настава или друг вид ангажман, освен на доброволна основа.

**Потребна документација за аплицирање:**

- Пополнета апликација/прашалник подготвен од страна на АД ЕСМ-Скопје;
- Мотивациско писмо;
- Потврда за редовен студент;
- Уверение за реализиран просек и реализирани кредити (до датумот на аплицирање);
- Копија од диплома за завршено средно образование;
- Копии од дипломи за посета на курсеви;
- Изјава дека не сте корисник на стипендија или кредит од друга установа, институција или компанија потпишана и од солидарен гарант;
- Копија од уверение за државјанство на Република Северна Македонија;
- Потврда за работен однос и плата на солидарниот гарант;

Апликацијата/прашалникот е објавена на интернет-страницата на Машински факултет-Скопје

**Начин на аплицирање:**

Документите се поднесуваат во Архивата на Машински факултет-Скопје (во Деканатот) или по пошта на адреса Машински факултет, Руѓер Бошковиќ бр.18, 1000 Скопје, Република Северна Македонија. Рокот за поднесување документи е од 12.05.2025 година до 23.05.2025 година.